**Известување за концентрација со која Сцхвварз Невв Вентурес ГмбХ, Германија и РВИ Вентуре ГмбХ, Германија стекнуваат заедничка контрола над Рогон Тецхологиес ГмбХ, Германија**
**(предмет бр. 08-160/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 03.11.2023 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која друштвата Сцхвварз Невв Вентурес ГмбХ (во понатамошниот текст: “СНВ”), со регистрирано седиште на Стифтсбергстрассе 1, 74172 Некарсулм, Германија и РВИ Вентуре ГмбХ (во понатамошниот текст: “РВИ”) со регистрирано седиште на Махластрассе 21, 67227, Франкентал, Германија, стекнуваат заедничка контрола над Рогон Тецхологиес ГмбХ (во понатамошниот текст: “Рогон”) со регистрирано седиште на Махластрассе 21, 67227, Франкентал, Германија.

## Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:

Пријавената концентрацијата се однесува на стекнување на заедничка контрола од страна на СНВ и РВИ над Рогон.

**СНВ** е дел од Schwarz Group, германска малопродажна групација која управува со голема мрежа на попуст супермаркети и хипермаркети низ Европа и пошироко, како што се Lidl и Kaufland. СНВ е специјализиран за идентификување, стекнување и продажба на инвестиции во претприемачки потфати низ различни индустрии.

**РВИ** е активен во стекнување, продажба и чување на инвестиции во корпорации и партнерства, како и во управување со сопствени средства.

**Рогон** е активен во развојот на мобилна апликација која моментално е достапна во продавниците за апликации на Google и Apple под името "CUJU". Моментално, примарна цел на Целното Друштво е дигитализацијата на бизнисот за советување и поддршка на фудбалот. CUJU го прави достапно фудбалското знаење и им овозможува на фудбалските таленти да ги проценат своите фудбалски вештини и способности преку специфични вежби кои се оценуваат автоматски преку откривање видео и машинско учење. Според тоа, релевантниот пазар за проценка на трансакцијата се смета како пазар за развој и објавување на мобилни апликации во дигиталниот спортски менаџмент/консалтинг, или само спортски дигитален консалтинг и менаџмент во Северна Македонија. На крајот, имајќи предвид дека нема ефекти на релевантниот пазар, дефиницијата на пазарот може да се остави отворена.

Подносителот смета дека **релевантниот пазар на производи** може да се дефинира како пазар за развој и објавување на мобилни апликации во дигиталниот спортски менаџмент/консалтинг или само спортски дигитален консалтинг и менаџмент во Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по е-

mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување**.**

20.11.2023 година, Скопје